З А П И С Н И К

Од вонредна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево одржа вонредна седница на ден 09.09.2020 година (Среда) со пчеток во12.оо часот во просториите на Општина Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата оправдано отсутни беа Виолета Ристова Тони Малчев , Неџат Меминов и Марјан Трајков.

На седницата присуствуваше:Марјан Јанев градоначалник на општина Василево и Стојан Тимов директор на ООУ „Гоце Делчев“ Василево

Градоначалникот на општина Василево Марјан Јанев пред да биде предложи дневниот ред за работа на вонредната седницата даде образложение за причината поради коај е свикана вонредна седница на Советот на општина Василево. Рече дека вонредна седница е свикана поради насоките кој се дадени од Министерството за образование поради состојбата со Ковид -19 , минатата недела директорите на сите општински училишта беа на состаноци каде беа дадене препораки по кој услови ке се реализира наставата во учебната 2020/21 година според направените анкети со родителите на учениците од IV- IX одделение кој треба да се изјаснат со една од понудените две опции: дали нивното дете ќе посетува наставата со физичко присуство во согласност со протоколите за безбедно одвивање на наставата или пак наставата ќе ја следи on- line, скоро 90% од родителите изразиле желба наставата да се реализира со физичко присуство а само 2% се за on-line настава. Од друга страна сите деца не се обврзани за реализирање на настава за физичко присуство. Од тие причини директорите на двете основни општински училишта, Соња Ничева и Стојан Тимов,барат согласност од Советот на општина Василево да донесе Одлука за започнување на учебната 2020/21 со физичко присуство.

Стојан Тимов директор на ООУ Гоце Делчев“ Василево рече дека соред наведените индикатори, училиштето е подготвено да реализира настава со физичко присуство, согласно протоколите за физичко присуство и планот за одржување настава за физичко присуство. Училиштето има направено распоред за секоја смена врз основа на број на ученици по одделенија, по паралелки и наставен јазик за секоја смена, вкупниот број на училници во кој ке реализира настава во една смена, училниците ги задоволуват протоколите за физичко растојание, во 3 смени ќе работи училиштето со ознаки за правец на движење за секој влез ке има по 1 безконтактен топломер ќе бидат обезбедени дезинфекзиски средства на секој влез и во секоја училница со санитарни јазли во склоп на училиштето кој ќе бидат снабдени со дезинфекциски средства и течни сапуни согласно протоколите во секој тоалет. Снабдување на вода ќе биде исклучиво од Јавното комунално претпријатие. Храна децата ќе носат исклучиво од дома исто така и вода за пиење.. Постојат просторни услови за реализација на овој вид настава за тоа ќе се анкетират и родителите на учениците. Наставниците се имат изјаснато дека постојат просторни услови за реализација на наставата. Мисленјето од наставничкиот совет ќе достават информации до Комисијата за разгледување на барања за физичко присуство за настава. Стојан Тимов директор на централното општинско основно училиште,,Гоце Делчев“ Василево рече дека подрачното училиште,, Атанас Нивичански,, од прво до трето оделение наставата ја следат 43 ученици, од четврто-пето 37 ученика и од шесто до девето одделение 130 ученици распоредени во 13паралелкиод кој 5 се оделенска настава. Училиштето располага со 8 фунционални училници според протоколот еден влез за учениците и наставниците, наставата се реализира во три смени. Првата смена настава ке следат паралелките од прво до пето одделение. Паралелките на прво и трето оделение ке влезат во училиштето од главниот влез во 7, 10 минути, паралелките од четврто и петто одделение ќе влезат во училиштето во 7,20 часот, втора смена настава ќе следат пола ученици од шесто до девето оделение во 8 паралелки наставата во втора смена ке почне во 11,30 часот. Трета смена ќе почне од

15,50 часот. Стојан Тимов директор на ООУ Гоце Делчев“ Василево рече дека според наведените индикатори, училиштето е подготвено да реализира настава со физичко присуство, согласно протоколите за физичко присуство и планот за одржување настава за физичко присуство. Училиштето има направено распоред за секоја смена врз основа на број на ученици по одделенија, по паралелки и наставен јазик за секоја смена, вкупниот број на училници во кој ке реализира настава во една смена, училниците ги задоволуват протоколите за физичко растојание. Исто така и во подрачнотоосновно училиште во село Ангелци наставке се реализира во две смени на македонски и турски јазик. Во учебната2020/21 вкупно се запишани 150 ученика од кој 91 наставата ја следат на турски јазик. Училиштето располага со пет училници по 54м квасратни и една училница 32м квадратни. Од вкупно 10 п-аралелки 8 паралелки се со помал број на ученици помалку од 20. Две паралелки на турски јазик се со поголем број на ученици истите паралелки работат во посебни простории со што се дава можност да работат во две групи

Во матичното улилиште во Василево наставата од прво до трето ќе ја следат 96 ученика од четврто до пето 51 ученик од шесто до девето одделение 285 ученика сите ученици се распоредени во 29 паралелки од кои 10 се во одделенска настава по две паралелки во секое одделение. Училиштето во Василево располага со10 фунционални училници согласно протоколот за реализирање на настава и два кабинета . Во училиштето постојат три влеза за ученици и еден за наставници. Поради просторните услови наставата ке се реализира во три смени. После завршувањето на секоја смена ќе се врши дезинфекција на сите простории на училиштето и на целиот училишен инвентар. Наставниците ќе го напуштат училиштето откако ќе си заминат сите ученици

вкупниот број на ученици за учебната 2020/2021 во ООУ „Атанас Нивичански“, Нова Маала изнесува 358 од кои 40 првачиња, а во ООУ „Гоце Делчев“, Василево вкупниот број е околу 700 од кои 69 се првачиња, со тоа што бројот на првачињата и во двете училишта не е конечен.

Сања Христова праша каква е состојбата во подрачното училиште во Висока Маала дали се исполнети условите за да училиштето започне со учебната 2020/21 наставата да ја реализира со физичко присуство.

Стојан Тимов директор на ООУ Гоце Делчев“ Василево рече дека во подрачното училиште во Висока Маала за учебната 2020/21 просторните капацитети го дозволуват тоа наставата може да се одвива непречено без проблеми од прво до пето оделение поради малиот број на ученици, и во останатите подрачни училишта наставата може непречено да се реализира без проблеми. Наставата во Висока Маала се реализира во три смени на турски наставен јазик , училиштето располага со една училница од 48 мквадратни и една училница од 24м квадратни. Постои една просторија од 50м квадратни во склоп на училиштето која треба да се опреми со училишен инвентар за да може наставата да се одвипа според протоколот и планот. Од 4 паралелки 2 се со помал број на ученици помалку од 20 Две паралелки на турски наставен јазик се со поголем број на ученици. Истите паралелки треба да работат во две групи наставникот реализира настава со една група за да после пауза од 30 минути продолжи со другата група ученици.

Градоначалникот Марјан Јанев рече дека во текот на утрешниот ден ќе преговара во Висока Маала доколку нема услови има затворена просторија предвидена за месна канцеларија ке преговарат доколку може да се оспособи ке се стави гипс картон доколку се овозможи тоа наставата ке се реализира во две смени доколку не се оспособи просторијата наставата ке се реализира во три смени.

Ракип Асанов побара од градоначалникот поради пандемијата да се преземат дополнителни мерки околу превозот на учениците со автобус, бројката од дозволеното ја надминува плус тоа се превезуват учениците и од Добрашинци.

Градоначалникот Марјан Јанев рече дека се преговара со Струмица – Експрес да набави повеќе возила за да ре регулира превозот на учениците за Василево и Нова Маала рече дека ке залага за да се реши и овој проблем.

Сања Стојанова праша колку ке трае оделенскиот час и дали ќе бида намален бројот на часовите.

Стојан Тимов директор на ООУ Гоце Делчев“ Василево рече дека оделенскиот час ке трае 30 минути што се однесува на прашањето дали ке биде намален бројот на часови, часовите ќе бидат скратени на 4 за да биде подносливо носењето на маски за тоа се чека известување од Бирото за развој на образование ќе достави скратена програма, училиштето нема право да крати часови.

Сања Христова праша доколку бидат ученици заразени од ковид 19 кој ке ја сноси одговорноста и дали учениците задолжително ке носат маски за време наставата, дали училиштето ке ги снабдува учениците со маски.

Стојан Тимов директор на ООУ Гоце Делчев“ Василево рече дека одговорноста ке биде подеднаква за сите како за наставниците така и за родителите.Сите наставници ке бидат присутни, наставниците кој ќе немат часови ке ги контролират влезовите на тие што влеват од страна , на влоезовите ке има набавено топломер за мерење на температурата на вработените а учениците ке бидат проверувани од родителите. Носење на маски е задолжително, секој сам ке си обезбеди маски училиштето не е во во можност сите ученици да ги снабди со маски .

Марјан Јанев градоначалик на општина Василево оваа одлука се носи за тие родители што се залагат нивните деца наставата да ја следат со физичко присуство, најголемата одговорност е на родителите дали детето ке одпочне да ја следи наставата со физичко присуство или ке следи on-line настава,за тоа ке се следи состојбата доколку има потреба ке се мени ке се применува on-line настава.

Претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја стави на гласење оправданоста на итноста за свикување на вонредна седница, од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема при што констатира Советот на општина Василево оправданоста на итноста за свикување на вонредна седница на Советот на општина Василево е усвоена.

За работа на вонредната седницата беше предложен следниот дневен ред

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1.Предлог- Одлука за давање согласност за организирање настава со физичко присуство од IV- IX одделение во општинските основни училишта во Општина Василево.

Бидејќи немаше пријавено за збор дневниот ред за работа на Советот на општина Василево на вонредната седница на Советот на општина Василево беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

По отворената расправа по точката: **Предлог- Одлука за давање согласност за организирање настава со физичко присуство од IV- IX одделение во општинските основни училишта во Општина Василево,** немаше друг пријавено за збор беше ставена на гласењ од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11 гласа,, за ,, против,, и ,, воздржани,, нема

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот Крсте Панев ја затвори вонредната седница на Советот на општина Василево.

Записничар:

Зора Коларова

Совет на Општина Василево

Претседател:

Крсте Панев